Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА



# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА
**2020-2022 година**

**јули 2019 година**

# ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА 2018-2020

## 1.1. ВОВЕД

Поаѓајќи од утврдените стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2020 година, Министерството за правда како орган на државната управа надлежен за развивање на политиките, изготвување и предлагање на закони и други прописи од областа на правосудството, како и вршење надзор над спроведувањето на прописите во областите за кои е надлежен, изготви стратешки план на Министерството за правда за периодот 2020-2022.

Стратешкиот план на Министерството за правда претставува континуирано продолжување на реформските процеси во областите за кои е надлежно Министерството за правда, како и продолжување на активностите за исполнување на обврските за остварувањето на стратешките приоритети како што се добивање на полноправно членство на Република Северна Македонија во НАТО и членство во ЕУ.

Стратешкиот план на Министерството за правда е стратешки документ кој е усогласен со другите стратешки документи на Владата на Република Северна Македонија и на Министерството за правда.

Во Стратешкиот план на Министерството за правда за периодот 2020-2022 година утврдени се стратешките цели и приоритети на Министерството за правда, програмите, активностите и потребните ресурси и финансиски средства за нивна реализација, како и очекуваните резултати.

Утврдувајќи ги постигнатите резултати во 2018 година и периодот јануари-јуни 2019 година, како и постојната состојба во областите за кои е надлежно, Министерството за правда со овој стратешки план ги дефинира конкретните активности со точно утврдени рокови во кои се очекува реализација на тие активности за остварување на целите. Стратешкиот план претставува и ефикасен механизам за следење на спроведувањето на секоја од активностите и остварувањето на резултатите.

Во Стратешкиот план утврдени се стратешките цели и приоритети на Министерството за правда за реформи како во областите за кои е надлежно Министерството за правда, така и за реформа на самото Министерство, како во организациона смисла така и на реформа во начинот на работење и постапување на вработените.

Со оглед на тоа, Стратешкиот план на Министерството за правда за периодот 2020-2022 година претставува стратешки документ во кој се утврдени конкретните активности преку кои се реализира мисијата на Министерството за правда за исполнување на неговата визија.

## 1.2. МИСИЈА

Главна мисија на Министерството за правда, како орган на државната управа надлежен за развивање на политиките, изготвување и предлагање на закони и други прописи од областа на правосудството, како и вршење надзор над спроведувањето на прописите во областите за кои е надлежен, е да обезбеди еднакви можности на граѓаните на Република Северна Македонија во остварувањето и заштитата на своите права и слободи преку постоење на ефикасен систем, во услови на владеењето на правото и правната сигурност.

## 1.3. ВИЗИЈА

Воспоставен ефикасен систем за остварување и заштита на човековите права и слободи.

## 1.4. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА

Министерството за правда обезбедува општи услови за остварување на основната функција на правосудниот систем, негова реформа а со цел создавање на ефикасен систем за остварување на човековите права и слободи и нивна заштита.

Министерството за правда учествува во создавање на нормативни и организациски претпоставки во областите за кои е надлежно, и тоа за :

- Јакнење на независноста, непристрасноста и зголемување на ефикасноста на судството со цел обезбедување на владеењето на правото и правната сигурност;
- Унапредување на статусот на јавното обвинителство ;
- Унапредување на стандардите во пенитенцијарниот систем ;
- Остварување на уставните определби на адвокатурата како самостојна и независна служба ;
- Унапредување на вршењето на нотарската дејност;
- Јакнење на улогата на медијацијата во судските постапки;
- Обезбедување соодветно и целосно извршување на судските пресуди преку извршители :
- Градење на ефикасен и модерен изборен систем ;
- Унапредување на граѓанската иницијатива ;
- Унапредување на претпоставките за остварување на човековите права.

Улогата на Министерството за правда во областите за кои е надлежно е ;

- Развивање политики во областите од делокругот на делување ;
- Изготвување и предлагање на закони и други прописи од областите што ги покрива со својата надлежност ;
- Спроведување и следење на спроведувањето на прописите за да се оцени дали прописите ги остваруваат очекуваните резултати
- Развивање и унапредување на административните капацитети од кои зависи успешното функционирање на Министерството ;
- Вршење надзор и контрола над спроведувањето на прописите со кои се уредуваат областите за кои е одговорно.

## 1.5. СПЕЦИФИЧНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА

Министерството за правда е орган на државната управа со кој раководи министер. Делокругот на работа на Министерството за правда е утврден во член 17 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ"бр.58/00, 44/02 , 82/08, 167/10 и 51/11).

Согласно наведената законска одредба Министерството за правда е надлежно да врши работи во областа на :

- Судството, јавното обвинителство, државното правобранителство ;
- Кривичната одговорност и одговорност за прекршоци ;
- Нотарските работи, адвокатурата и други видови правна помош ;
- Наследувањето, сопственоста, стварните права и облигационите односи ;
- Меѓународната правна помош ;
- Извршувањето на санкциите за кривични дела и прекршоци ;
- Организацијата и управувањето со казнено-поправните и воспитно-поправните установи ;
- Судските вештачења, експертизи и супер-вештачења ;
- Изборниот систем,
- Кривичната, прекршочната, парничната и вонпарничната, извршната и управната постапка ;
- Вршењето работи што не спаѓаат во надлежност на друг орган на државната управа ;
- Врши други работи утврдени со закон.

## 1.6. СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА – планирани промени

Согласно утврдените надлежности во Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ"бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11, 96/19 и 110/19) и усогласувањето со Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на РМ"бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18) и Законот за административни службеници („Службен весник на РМ"бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) во јуни 2015 година донесени се Правилник за внатрешна организација на Министерството за правда и Правилник за систематизација на работните места во Министерството за правда и соодветни измени во 2016 година и 2018 година.

Согласно Правилникот за внатрешна организација, Министерството за правда своите надлежности ги извршува преку 11 сектори и 34 подрачни одделенија, и тоа :

- Сектор за кабинетски работи на министерот
  - Одделение за координација на работите на министерот
  - Одделение за правна поддршка на министерот

- Сектор за правосудство
  - Одделение за нормативна дејност во областат на кривичната и граѓанската материја
  - Одделение за судови, јавно обвинителство и други правосудни органи
  - Одделение за помилување и надомест на штета
  - Одделение за претставки и поплаки по работата на правосудните органи
  - Одделение за дејноста вештачење и процена
- Сектор за извршување, нотаријат и медијација
  - Одделение за извршување
  - Одделение за нотаријат и медијација
- Сектор за меѓународна-правна помош
  - Одделение за екстрадиција и трансфер
  - Одделение за постапување по замолници во кривична и граѓанска материја
- Сектор за бесплатна правна помош и политички систем
  - Одделение за бесплатна правна помош
  - Одделение за политички систем
  - Подрачни одделенија-34
- Сектор за Европска Унија
  - Одделение за преговори и координација
  - Одделение за ИПА проекти
- Сектор за меѓународна-правна соработка
  - Одделение за меѓународно-правна соработка и соработка со НАТО
  - Одделение за човекови права и компаративно-правни анализи
  - Одделение за координација на активностите против корупцијата
- Сектор за управување со човечки ресурси и стратешко планирање
  - Одделение за управување со човечки ресурси
  - Одделение за стратешко планирање
- Сектор за финансиски прашања
  - Одделение за буџетска координација
  - Одделение за буџетска контрола
  - Одделение за сметководство и плаќање
- Сектор за информатички и комуникациски технологии
  - Одделение за развој и апликативна поддршка
  - Одделение за техничка поддршка
  - Одделение за управување со документи и законски прописи

- Сектор за општи работи
    - Одделение за јавни набавки
    - Одделение за преводи, лекторирање и јазична редакција
    - Одделение за општи работи
    - Одделение за архивско работење
- Одделението за внатрешна ревизија

Во 2019 година изготвена е функционална анализа со предлог за делуни измени во организационата поставеност на Министерството за правда.

## 1.7 ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ – планирани промени

Согласно член 17 од Законот за организација и работа на органите на државната управа во состав на Министерството за правда се Управата за извршување на санкциите, Управа за водење на матичните книги, Бирото за судски вештачења и Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, како органи во состав на Министерството за правда со својство на правно лице

Со секој од наведените органи раководи директор кој го именува Владата на Република Северна Македонија.

Организационата поставеност на Управата за извршување на санкциите, Управа за водење на матичните книги, Бирото за судски вештачења и Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, како органи во состав со својство на правно лице е утврдена со посебни акти за внатрешна организација.

Согласно Законот за употреба на јазиците („Службен весник на РМ"бр.7/19) во состав на Министерството за правда планирано е формирање на Инспекторат за употребата на јазиците, како орган во состав со својство на правно лице. Во односот на Министерството за правда и Управата за извршување на санкциите, Управа за водење на матичните книги, Бирото за судски вештачења и Бирото за застапување на Република Северна Македонија пред Европскиот суд за човекови права, како органи во состав на Министерството за правда со својство на правно лице, не се планираат промени.

## 1.8. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ПРАВДА

При утврдување на своите стратешки приоритети и цели Министерството за правда своите приоритети и цели пред се ги имаше во предвид утврдените стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2019 година.

1. ***Ефикасен, независен и професионален правосуден систем***
   - 1.2. Владеење на правото преку целосно спроведување на законите
   - 1.3. Заштита на правата на граѓаните
   - 1.4. Зголемување на довербата на грѓаните во судскиот систем
   - 1.5. Создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство
   - 1.6. Зголемување на ефикасноста во извршувањето на основната функција на Јвното обвинителство
   - 1.7. Унапредување на дејноста на извршителите, нотарите и медијаторите

2. ***Борба против корупцијата и остварување на човековите права***
   - 2.1. Владеење на правото преку неселективна борба со корупцијата
   - 2.2. Остварување на човековите права и правата на граѓаните
   - 2.3. Успешно справување со корупцијата и зајакнување на антикорупциска рамка

3. ***Исполнување на критериумите за членство во ЕУ во областа на правда***
   - 3.1. Ефикасно спроведување на Планот за реформи во областа на правосудството и антикорупциската политика
   - 3.2. Техничка анализа на степенот на усогласеност на националното законодавство со законодавството на ЕУ
   - 3.3. Целосна имплементација и успешно управување со ИПА проектите

4. ***Унапредување на информатичко-комуникациските технологии во правосудниот систем***
   - 4.1. Воспоставување и развивање на модерно и автоматизирано правосудство
   - 4.2. Зголемување на ефикасноста, ефективноста и независноста на правосудството
   - 4.3. Подобрување на заштитата на податоците
   - 4.4. Стандардизација и унификација на процедурите, процесите, номенклатурите во правосудниот систем

5. ***Професионално организирани и управувани казнено-поправни и воспитно-поправни установи***
   - 5.1. Унапредување на процесот на извршувањето на санкциите
   - 5.2. Подобрување на условите во казнено-поправните установи

6. ***Побрз и поедноставен пристап на граѓаните во остварувањето на правата од матичната евиденција***
   - 6.1. Унапредување на правната рамка од областа на матичната евиденција
   - 6.2. Побрз и поедноставен начин на издавање на документите од матичната евиденција
   - 6.3. Воспоставување на ефикасен и современ систем на водење на матичната евиденција

## 1.9. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2018 ГОДИНА

Поаѓајќи од законски утврдените надлежности, Министерството за правда пред се работи на создавање на нормативни и организациски претпоставки во областите за кои е надлежно, односно на подготвување и предлагање на закони и други прописи од областите што ги покрива со својата надлежност.

За таа цел, во Министерството за правда изготвени се повеќе законски проекти, а како орган надлежен за вршењето работи што не спаѓаат во надлежност на друг орган на државната управа учествуваше во подготвување на закони од надлежност на други органи на државната управа.

1. ***Реформа на правосудниот систем***

Министерството за правда, како надлежен орган за спроведување на реформите во правосудството, како еден од стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија, реализираше повеќе активности за создавање како на нормативни претпоставки, преку подготвување на законски и подзаконски акти, така и на создавање на материјални и организациони претпоставки во рамките на реформата на правосудството. За таа цел донесени се, односно изготвени следните закони :

***- Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик***
(„Службен весник на РМ“ бр. 248/18)
***- Закон за изменување и дополнување на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители***
(„Службен весник на РМ“бр. 163/18)
***- Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите***
(„Службен весник на РМ“ бр.83/2018)
***- Закон за дополнување на Законот за судовите***
(„Службен весник на РМ“бр.198/18)
***- Закон за дополнување на Законот за јавно обвинителство***
(„Службен весник на РМ“бр.198/18)
***-Закон за изменување и дополнување на Законот за Судски совет на Република Северна Македонија***
(„Службен весник на РМ“бр.83/2018)
***- Закон за изменување и дополнување на Законот за јавнообвинителски службеници***
(„Службен весник на РМ“ број 21/18)
***- Закон за изменување и дополнување на Законот за судска служба***
(„Службен весник на РМ“бр.198/2018)

***- Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување***
(„Службен весник на РМ“бр.233/2018)
***- Закон за изменување и дополнување на Законот за нотаријатот***
(„Службен весник на РМ“бр.233/2018)
***- Закон за изменување и дополнување на Законот за судска служба***
(„Службен весник на РМ“бр.248/2018)
***- Закон за прекршоците***
(„Службен весник на РМ“бр.96/2019)
***- Закон за управните спорови***
(„Службен весник на РМ“бр.96/2019)
***- Закон за изменување и дополнување на Законот за судовите***
(„Службен весник на РМ“ бр.96/2019)
***- Закон за Судскиот совет на Република Северна Македонија***
(„Службен весник на РМ“ број 102/19)

2. ***Интеграција на Република Северна Македонија во ЕУ и НАТО, борба против корупцијата и организираниот криминал и други материјали и активности кои не се поврзани со стратешки приоритети***

***- Закон за дополнување на Законот за извршување на санкциите***
(„Службен весник на РМ“ број 21/18)
***- Закон за изменување на Изборниот законик***
(„Службен весник на РМ“ број 35/18)
***- Закон за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности***
(„Службен весник на РМ“ број 64/18)
***- Закон за изменување и дополнување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер***
(„Службен весник на РМ“ број 64/18)
***- Закон за изменување на Изборниот законик***
(„Службен весник на РМ“ број 99/18)
***- Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик***
(„Службен весник на РМ“ број 140/18)
***- Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии***
(Службен весник на РМ бр.140/18)

- ***Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик***
(„Службен весник на РМ“ број 208/18)
- ***Законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии***
(Службен весник на РМ бр. 148/11)
- ***Закон за употреба на јазиците***
(„Службен весник на РМ“ број 7/19)
- ***Закон за спречување на корупцијата и судирот на интересите***
(„Службен весник на РМ“ број 12/19)
- ***Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик***
(„Службен весник на РМ“ број 27/19)
- ***Закон за дополнување на Законот за пратениците***
(„Службен весник на РМ“ број 27/19)
- ***Закон за изменување на Законот за спортот***
(„Службен весник на РМ“ број 98/19)
- ***Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик***
(„Службен весник на РМ“ број 98/19)
- ***Закон за извршување на санкциите***
(„Службен весник на РМ“ број 99/19)
- ***Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер***
(„Службен весник на РМ“ број 101/19)
- ***Закон за бесплатна правна помош***
(„Службен весник на РМ“ број 101/19)
- ***Закон за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности***
(„Службен весник на РМ“ број 124/19)

Во 2018 година и периодот јануари-јули 2019 година донесени се и повеќе подзаконски акти, меѓу кои :

**- Правилникза начинот на анонимизација на наредбите за спроведување на мерката за следење на комуникациите заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на државата и за начинот на евидентирањето во регистарот на анонимизираните наредби**

**- Правилник за начинот на анонимизација на наредбата за определување на посебна истражна мерка, односно на привремената писмена наредба за определување на посебна истражна мерка и за начинот на евидентирањето во уписникот во судот на анонимизираните примероци од наредбата**

Во врска со Законот за извршување, донесени се следните подзаконски акти :

**- Тарифа за награда и надоместок на другите трошоци за работа на извршителите**

(„Службен весник на РМ“ бр.32/19)

**- Правилник за изменување на Правилникот за програмата и начинот на организирање и полагање на испитот за извршители и формата и содржината на уверението за положен испит за извршители.**

(„Службен весник на РМ“ бр.33/19)

**- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на вршење надзор над работата на Комората на извршители на Република Северна Македонија и на извршителите.**

(„Службен весник на РМ“ бр.77/19)

**- Правилник за формата на налозите, Заклучоците, записниците, барањата, службените белешки, потврдите и другите акти кои ги изготвува извршителот при преземањето на извршните дејствија.**

(„Службен весник на РМ“ бр.88/19)

Во врска со Законот за нотаријатот, донесени се следните подзаконски акти :

**- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за видот, содржината, формата, начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнова на нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија.**

објавен во („Службен весник на РМ“ бр.110/18)

Во врска со Законот за судска служба, донесен е :

**- Правилник за изменување на Правилникот за видот, содржината, формата начинот на водењето на актите, уписниците, книгите и имениците на нотарот, помошните книги, начинот на примање и чување на нотарските исправи и предметите од вредност и нивното издавање и преземање, начинот на чување и обнована нотарските списи и исправи, начинот на архивирање и организирањето на архивирањето, како и преземање на други формални дејствија.**

(„Службен весник на РМ“ бр.110/18)

**- Правилник за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекцуија, на испитите, проверка на веродостојноста на докази и интервју, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција во зависност од категориите на работните места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници**

(„Службен весник на РМ" бр.236/18)

**- Програма за содржината на нотарскиот испит**

(„Службен весник на РМ" бр.32/19)

**- Нотарска тарифа за изменување на Нотарската тарифа**

(„Службен весник на РМ" бр.33/19)

**- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на организирањето и полагањето на нотарскиот испит**

(„Службен весник на РМ" бр.47/19)

**- Правилник за начинот на врење на надзор над законитоста на работењето на нотарот**

(„Службен весник на РМ" бр.75/19)

Исто така изготвени се и до Владата на Република Северна Македонија се доставени повеќе анализи, информации и извештаи.

Покрај изготвувањето на законски и подзаконски акти, во Министерството за правда реализирани се и други активности кои придонесуваат во развивањето и унапредувањето на материјалните, административните и другите капацитети. За таа цел во рамките на Проектот за правна и правосудна имплементација и институционална поддршка на Светската Банка, реализирани се голем број активности во насока на опремување на судовите. Во рамките на Проектот продолжи опремувањето на Кривичниот суд Скопје.

Министерството за правда свој придонес во борбата против организираниот криминал и корупцијата дава и преку учество во работата на Групата на држави против корупцијата во Советот на Европа – ГРЕКО, Механизмот за преглед на имплементацијатана Конвенцијата на ООН против корупција на Канцеларијата на ООн против droги и криминал – УНОДЦ, Комитетот за експерти за евалуација на мерките за спречување на перење на пари при Советот на Европа, како и учество во активностите на Регионалната анти-корупциска иницијатива - РАИ и Регионалниот совет за соработка – РСС.

Во 2018 година парафирани се три договори со Република Казахстан, за екстрадиција, за трансфер на осудени лица и за меѓусебна соработка во кривична материја.

Ратификувани се два договори со Република Италија, и тоа : Дополнителен билатерален договор на Република Северна Македонија и Република Италија кон Европската конвенција за ексрадиција од 13.12.1957 година за олеснување на нејзината примена и Дополнителен билатерален договор на Република Северна Македонија и Република Италија кон Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја од 20.04.1959 година со цел олеснување на нејзината примена од 13.12.1957 година за олеснување на нејзината примена.

Исто така, во 2018 година прифатени се : примената иницијатива за склучување на билатерални договори за екстрадиција, меѓународна правна помош во кривичната материја, меѓународна правна помош во граѓански предмети и за извршување на кривични санкции меѓу Република Северна Македонија и Федеративна Република Бразил и примената иницијатива од Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска за склучување на договор за дополнување на европската конвенција за екстрадиција од 1957 година. Постапките се во тек. Во 2018 година покрената е иницијатива за продолжување на постапката за потпишување на Договор помеѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија за екстрадиција.

Во текот на 2018 година извршени се 35 надзори над работата на извршителите и 17 редовни надзори и 6 надзори по конкретни предмети над работата на нотарите.

Покрај законските и подзаконските акти, други материјали и проекти, реализирани се и други активности кои придонесуваат во остварувањето на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за членство на Република Северна Македонија во ЕУ и НАТО.

Вработените во Министерството за правда со свои мислења и непосредно учество во работни групи дадоа свој придонес во изготвување на законски и подзаконски акти за кои се надлежни други органи на државната власт.

Со цел зајкнување на административните капацитети, спроведени се обуки, семинари и работилници за вработените во Министерството за правда.

## 1.10. ПРОГРАМИ

За остварување на мисијата и визијата на Министерството за правда предвидени се следните програми :

- **Правосудство, казнено и граѓанско право**

Преку спроведување на утврдените активности во рамките на Програмата - Правосудство, казнено и граѓанско право – се очекува зајакнување на независноста, зголемување на ефикасноста и професионалноста на судството преку подобрување на нормативната рамка што ќе се постигне со имплементацијата на најновите меѓународни стандарди во оваа област, примената на донесените законски решенија, како и јакнење на капацитетите во областа на судството, спроведување на реформите во казненото право, граѓанското право и Јавното обвинителство и хармонизација со правото на Европската унија.

- **Извршување, нотаријат и медијација**

Преку спроведување на утврдените активности во рамките на Програмата - Извршување, нотаријат и медијација – се очекува обезбедување соодветно и целосно извршување на судските пресуди во граѓанската област, подобрување на нотарската дејност во служба на граѓаните и целосно воспоставување на системот на медијација.

- **Спречување на корупцијата**

Преку спроведување на утврдените активности во рамките на Програмата – Борба против корупцијата – се очекува обезбедување на успешно справување со корупцијата.

- **Човекови права**

Преку спроведување на утврдените активности во рамките на Програмата – Човекови права – се очекува обезбедување на побрзо остварување и пристап на граѓаните во остварувањето на нивните права.

- **Информатичко-комуникациска технологија во правосудниот систем**

Преку спроведување на утврдените активности во рамките на Програмата – Информатичко-комуникациска технологија во правосудниот систем - се очекува воспоставување и развивање на ИКТ во функција на поддршка на реформата на правосудниот систем.

# 2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

## 2.1. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМА 1

### А: Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата ***Правосудство, казнено и граѓанско право*** произлегува од Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2020 година, и тоа :

Стратешките приоритети на Владата на РСМ :
- *Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија*
- *Реформи во правосудството*

Приоритетните цели :
- *Создавање услови за независно, департизирано и ефикасно судство и правда достапна до сите*
- *Јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите*

**НПАА**
**Поглавје :** 3.23. Правосудство и фундаментални права
**Дел :** 3.23.1 Судство

**Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:**

- Ефикасен, независен и професионален правосуден систем
  - Владеење на правото преку целосно спроведување на законите
  - Заштита на правата на граѓаните
  - Зајакнување на независноста на судството
  - Зголемување на довербата на граѓаните во судскиот систем
  - Зголемување на ефикасноста на судовите
  - Зголемување на ефикасноста во извршувањето на функциите на Јавното обвинителство
- Спроведување на законите во областа на казненото право
- Кодификација на кривичното и граѓанското законодавство

Хармонизација на националното законодавство со правото на Европската Унија

| **Назив на програмата:**<br><br>***- Правосудство, казнено и граѓанско право*** | **Цел на програмата:**<br>- Независен, ефикасен и професионален судски систем<br>- Зајакнати капацитети на правосудниот систем<br>- Зголемена довербата на граѓаните во судовите<br>- Спроведена реформа на казненото право<br>- Кодификација на граѓанското право |
|---|---|
| **Показатели за успех на Програмата:**<br>- Донесени законите и подзаконските акти од областа на правосудството<br>- Зголемена довербата на граѓаните во судовите<br>- Склучени билатерални договори за регулирање на материјата за меѓусебна правна помош во граѓански и кривични предмети | |

| | |
|---|---|
| Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ☐ хоризонтална ■ вертикална | |

| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата:** | |
|---|---|
| **Резултат 1:** Унапредување на законодавството во областа на правосудството преку вградување на најновите меѓународни стандарди во оваа област и имплементација на донесените законски решенија | **Показател за успешност:**<br>- Ефикасен, независен и професионален судски систем<br>- Донесени закони и подзаконски акти за функционирање на независно, ефикасно и професионално судство<br>- Унапреден систем на статистичко следење на податоците во судовите<br>- Зголемени средствата за финансирање на судството, и тоа 0,6% од БДП за 2019 година, а 0,8 од БДП за 2021 година<br>- Ревидирани критериуми за унапредување на судиите и јавните обвинители, преку 100% образложени и објавени одлуки за унапредување на судиите и јавните обвинители<br>- Подобрени услови за работа во судовите и јавните обвинителства |
| **Резултат 2:** Унапредување на системот на казненото законодавство | **Показател за успешност:**<br>- Донесени измени и дополнувања на Кривичниот законик, Законот за кривична постапка, Закон за јавното обвинителство, Закон за Советот на јавни обвинители, Законот за надоместок на жртви од кривични дела<br>- Унапредено казнено материјално законодавство преку негово усогласување со најновите меѓународни стандарди<br>- Зголемена ефикасност и економичност во постапките<br>- Ефикасен систем на имплементација на Законот за кривичната постапка во делот на истрагата, главната расправа и спогодувањето |
| **Резултат 3:** Унапредување на граѓанското законодавство | **Показател за успешност:**<br>- Обезбедена правна сигурност на граѓаните во граѓанските постапки<br>- Кодифицирано граѓанско право, како систематизиран збир на регулатива од граѓанската област<br>- Зголемена ефикасност и економичност во постапките |
| **Резултат 4:** Развивање на меѓународната правна помош | **Показател за успешност:**<br>- Зголемен број на склучени билатерални договори за регулирање на материјата за меѓусебна правна помош во граѓански и кривични предмети |

| | |
|---|---|
| | |

| Б: ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА 1 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Резултат 1: План за спроведување** | | | | | | |
| **Потпрограма : Правосудство** | | | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
| | | | **Почеток (месец/година)** | **Крај (месец/година)** | **Човечки** | **Финансиски МКД** |
| 1. Донесување и имплементација на закони од областа на правосудството согласно Стратегијата за реформа на правосудниот сектор со Акциониот план 2017-2022 година | Сектор за правосудство | | 1/2020 континуирано | 12/2020 континуирано | Вработени во Секторот за правосудство | Дел од 3.000.000 денари предвидени во точка 3.1.3-1 од Стратегијата за реформа во правосудниот сектор |
| 2. Организирање на јавни расправи за законски и други проекти согласно Стратегијата за реформа на правосудниот сектор | Сектор за правосудство | | 1/2020 континуирано | 12/2022 континуирано | Вработени во Секторот за правосудство | |
| 3. Имплементација на Методологијата за водење судска статистика и на меѓународни индикатори и стандарди | | Судови | 1/2020 континуирано | 12/2021 континуирано | | |
| 4. Анализа на статистички податоци за работа на судовите | Сектор за правосудство | ССРМ и Врховен суд на РМ | 1/2020 континуирано | 12/2022 континуирано | Вработени во Секторот за правосудство | |
| 5. Измени на Законот за судски буџет | Сектор за правосудство | ССРМ и Врховен суд на РМ | 1/2020 континуирано | 12/2021 континуирано | Вработени во Секторот за правосудство | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. Подобрување на условите за работа во судовите и јавните обвинителства | Сектор за правосудство | ССРМ и СЈОРМ | 1/2020 континуирано | 12/2022 континуирано | | |
| Вкупно активности во тековната година : 6 | | | | | | |
| Вкупно активности во следната година : 5 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2 : 3 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 1 :** 14 | | | | | | |

| Резултат 2: План за спроведување | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Потпрограма : Казнено право** | | | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | Временска рамка | | **Потребни ресурси** | |
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | **Човечки** | **Финансиски МКД** |
| 1. Законот за кривичната постапка | Сектор за правосудство | | 1/2020 | 11/2020 | Вработени во Секторот за правосудство | |
| 2. Кривичен законик-изменување и дополнување (секоја година два пати изменување и дополнување) | Сектор за правосудство | | 1/2020 | 12/2021 | Вработени во Секторот за правосудство | |
| 3. Закон за јавното обвинителство | Сектор за правосудство | | 1/2020 | 11/2020 | Вработени во Секторот за правосудство | |
| 4. Закон за изменување и дополнување на законот за Советот на јавни обвинители | Сектор за правосудство | | 1/2020 | 11/2020 | Вработени во Секторот за правосудство | |
| 5. Закон за надоместок на жртви од кривични дела | Сектор за правосудство | | 1/2020 | 11/2020 | Вработени во Секторот за правосудство | |
| Вкупно активности во тековната година : 5 | | | | | | |
| Вкупно активности во следната година : 5 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2 : 1 | | | | | | |
| **Вкупно за реултат 2 : 7** | | | | | | |

## Резултат 3: План за спроведување

## Потпрограма : Граѓанско право

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | Временска рамка | | **Потребни ресурси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | **Човечки** | **Финансиски МКД** |
| 1.Следење на времетраењето на парничната постапка | Сектор за правосудство | | 1/2020 | 12/2021 | | |
| 2. Изменување и дополнување на закони од граѓанско-правната област согласно Акциониот план за спроведување на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор | Сектор за правосудство | | 1/2020 континуирано | 6/2020 континуирано | Работна група | |
| 3.Кодификација на граѓанското законодавство-прва фаза<br>-студиска посета во европски земји кои извршиле кодификација на граѓанското законодавство<br>-попис на прописи и меѓународни акти од значење за кодификацијата<br>-нацрт-текст на кодификацијата<br>-организирање на работни средби и расправи | Сектор за правосудство | | 1/2020 | 12/2021 | Работна група | 1.000 000 |
| Вкупно активности во тековната година: 3 | | | | | | |
| Вкупно активности во следната година: 2 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2: | | | | | | |
| **Вкупно за реултат 3 : 5** | | | | | | |

## Резултат 4 : План за спроведување

## Потпрограма : Меѓународни билатерални договори

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | Човечки | Финансиски МКД |
| 1.Склучување на билатерален договор меѓу Република Северна Македонија и Катар за соработка во правосудството | Сектор за меѓународна правна помош | | 1/2020 | 6/2021 | Вработени во Секторот за меѓународна правна помош | |
| 2.Склучување на билатерален договор меѓу Република Северна Македонија и Република Словачка за правна помош во граѓанска област | Сектор за меѓународна правна помош | | 1/2020 | 12/2021 | Вработени во Секторот за меѓународна правна помош | |
| 3.Склучување на билатерален договор меѓу Република Северна Македонија и САД за правна помош во кривична и граѓанската област | Сектор за меѓународна правна помош | | 1/2020 | 12/2021 | Вработени во Секторот за меѓународна правна помош | |
| 4.Склучување на билатерален договор меѓу Република Северна Македонија и Заедница на Австралија за правна помош во граѓанската област | Сектор за меѓународна правна помош | | 1/2020 | 12/2021 | Вработени во Секторот за меѓународна правна помош | |
| 5.Склучување на билатерален договор меѓу Република Северна Македонија и Народна Република Кина за правна помош во граѓанската област | Сектор за меѓународна правна помош | | 1/2020 | 12/2021 | Вработени во Секторот за меѓународна правна помош | |
| 6.Склучување на билатерален договор меѓу Република Северна Македонија и Руската Федерацијаза правна помош во граѓанската област | Сектор за меѓународна правна помош | | 1/2020 | 12/2021 | Вработени во Секторот за меѓународна правна помош | |
| 7.Склучување на билатерален договор меѓу Република Северна Македонија и Чешката Република за правна помош во граѓанската област | Сектор за меѓународна правна помош | | 1/2020 | 12/2021 | Вработени во Секторот за меѓународна правна помош | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8.Склучување на билатерален договор меѓу Република Северна Македонија и Канада за правна помош во кривична и граѓанската област | Сектор за меѓународна правна помош | | 1/2020 | 12/2021 | Вработени во Секторот за меѓународна правна помош | |
| 9.Склучување на билатерален договор меѓу Република Северна Македонија и Косово за правна помош за екстрадиција на сопствени државјани | Сектор за меѓународна правна помош | | 1/2020 | 12/2021 | Вработени во Секторот за меѓународна правна помош | |
| 10.Склучување на билатерален договор меѓу Република Северна Македонија и Албанија за екстрадиција на сопствени државјани | Сектор за меѓународна правна помош | | 1/2021 | 12/2021 | Вработени во Секторот за меѓународна правна помош | |
| 11.Склучување на билатерален договор меѓу Република Северна Македонија и Аргентина за правна помош во граѓанската и кривичната област | Сектор за меѓународна правна помош | | 1/2021 | 12/2021 | Вработени во Секторот за меѓународна правна помош | |
| 12.Склучување на билатерален договор меѓу Република Северна Македонија и Косово за правна помош во граѓанската област | Сектор за меѓународна правна помош | | 1/2020 | 12/2020 | Вработени во Секторот за меѓународна правна помош | |
| Вкупно активности во тековната година: 12 | | | | | | |
| Вкупно активности во следната година: 11 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2 : | | | | | | |
| **Вкупно за реултат 4 : 23** | | | | | | |

## 2.2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМА 2

### А: Оправданост и дизајн на Програмата

**Образложение:** Програмата ***Извршување, нотаријат и медијација*** произлегува од Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2020 година, и тоа :

Стратешките приоритети на Владата на РСМ :

*- реформи во правосудството*

*-јакнење на владееењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа*

Приоритетните цели :

*- јакнење на владееењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите*

**НПАА**

**Поглавје :** 3.23. Правосудство и фундаментални права

**Дел :** 3.23.1 Судство

**Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:**

Ефикасен, независен и професионален правосуден систем

- Владеење на правото преку целосно спроведување на законите
- Заштита на правата на граѓаните
- Унапредување на дејноста на извршителите, нотарите и извршителите

| **Назив на програмата:** | **Цел на програмата:** |
|---|---|
| ***Извршување, нотаријат и медијација*** | -Обезбедено соодветно и целосно извршување на извршни исправи во граѓанската област<br>- Подобрена дејноста на нотарите во служба на граѓаните<br>- Воспоставен систем на медијација |

**Показатели за успех на Програмата:**

- Целосно извршување на извршни исправи во граѓанската област
- Зголемена правна сигурност во правниот промет
- Зголемен број на предмети решени по пат на медијација

Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ■ хоризонтална ☐ вертикална

| Очекувани резултати (компоненти) од Програмата: | |
|---|---|
| **Резултат 1:** Зголемена ефикасноста на работата на нотарите, јакнење на професионалните капацитети на нотарите и извршителите и намалување на трошоците во постапките | **Показател за успешност:**<br>- Остварени права на граѓаните на полето на извршувањето и постапката пред нотар<br>- Зголемен број на извршени извршни исправи<br>- Зголемена правна сигурност во правниот промет<br>- Намалени трошоци во постапката за извршување<br>- Обучени државни службеници во Секторот за извршување, нотаријат и медијација |
| **Резултат 2:** Целосно воспоставен и унапреден систем на медијација со цел намалување на оптовареноста на судовите | **Показател за успешност:**<br>- Воспоставен функционален систем на медијација<br>- Зголемен број на предмети решени по пат на медијација за 10 пати на годишно ниво |

| Резултат 1: План за спроведување | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Потпрограма : Извршување и нотаријат** | | | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
| | | | **Почеток (месец/година)** | **Крај (месец/година)** | **Човечки** | **Финансиски МКД** |
| 1. Следење на примената на Законот за извршување и Законот за нотаријатот преку кварталните и годишните извештаи кои ги доставуваат извршителите и нотарите и преку извршени надзори над нивното работење | Сектор за извршување, нотаријат и медијација | Комора на извршители на РМ и Нотарска комора на РМ Министерство за образование и наука | 1/2020 | 12/2022 | Вработени во Секторот за извршување, нотаријат и медијација | 150.000 |
| 2. Обука на вработените во Секторот за извршување, нотаријат и медијација | Сектор за извршување, нотаријат и медијација | Странски експерти | 1/2020 | 12/2022 | Вработени во Секторот за извршување, нотаријат и медијација | 300.000 К2 |
| Вкупно активности во тековната година: 2 | | | | | | |
| Вкупно активности во следната година : 2 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2 : 2 | | | | | | |
| **Вкупно за реултат 1 : 6** | | | | | | |

| Резултат 2: План за спроведување | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Потпрограма : Медијација** | | | | | | |
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
| | | | **Почеток (месец/година)** | **Крај (месец/година)** | **Човечки** | **Финансиски МКД** |
| 1. Соодветни измени на Зконот за медијација, заради зголемена имплементација на медијација та | Сектор за извршување, нотаријат и медијација | Одбор за медијација, КМРМ, МЕ, Судски совет на РМакадемска заедница ГО | 1/2020 | 12/2022 | Вработени во Секторот за извршување, нотаријат и медијација | 150.000 |
| 2. Редовно функционирање и одржување на седници на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата | Одбор за обезбедувањ е, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата | Комора на медијатори Влада на РМ | 1/2020 | 12/2022 | | 2.000.000 |
| 3. Одржување на испити за медијатори кои имаат завршена обука и издавање на лиценци | Министерств о за правда | Комора на медијатори | 1/2020 | 12/2022 | | |
